Република Северна Македонија
**ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ**
Бр. 04-646/3
09.09. 2022 год.
Скопје

Врз основа на член 48 и член 49 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 275/19 и 14/20), Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот и поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на РМ“ бр.11/15) како и Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации бр.01-283/1 од 19.08.2016 година и Правилниците за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации бр.01-283/7 од 29.09.2016 година, бр.01–70/2 од 31.01.2018 година, бр.01-188/1 од 20.03.2018 година, бр.01-188/4 од 16.05.2018 година, бр. 01-186/2 од 13.03.2019, бр.01-186/6 од 22.04.2019 година, бр.04-186/12 од 18.07.2019 година, бр. 01-186/16 од 06.12.2019 година, бр.01-294/3 од 09.12.2020 година, бр.01-8/1 од 05.01.2021 година, бр.01-559/1 од 28.05.2021 година, бр.01-311/1 од 08.04.2022 година Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации објавува:

# ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ 01/2022
## за унапредување на административен службеник во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации

Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации објавува Интерен оглас за унапредување на 1 (еден) административен службеник за следното работно место:

**1.УПР 0101 Б04 000 Раководител на Одделение за персонална безбедност на класифицирани информации** ........................................................1 извршител

**Општи услови:**

- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик
- да е полнолетен
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност

**Посебни услови:**

- ниво на квалификации VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование, правни науки, науки за книжевноста и одбрана.

**Други посебни услови:**

- најмалку четири години работно искуство во струката од кои една во државна служба на безбедносни прашања и класифицирани информации.

- да поседува национален безбедносен сертификат со степен „СТРОГО ДОВЕРЛИВО"

**Посебни работни компетенции:**

- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски),
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
- положен испит за административно управување

**Распоред на работното време:**

Дневното и неделното работно време е од 7:30/8:30 часот до 15:30/16:30 часот, од понеделник до петок.

Платата за работното место е во паричен нето износ од 30 057 денари.

На интерниот оглас може да се јави административен службеник вработен во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работно место пропишани за соодветното ниво со Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, при ова административниот службеник треба да ги исполнува и следниве услови:

- да е оценет со оцена „А“ или „Б“ при последното оценување на кое бил оценуван,
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас,
- да поминал најмалку две години на исто ниво и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас

Заинтересираниот административен службеник, поднесува пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата преку архивата на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации до Одделението за управување со човечки ресурси и до службената електронска адреса на Одделението за управување со човечки ресурси hr@dbki.gov.mk.

Кандидатите кон пријавата покрај доказите за исполнување на општите и посебните услови, можат да ги приложат и следните докази:
- потврди за успешно реализирани обуки и/или
- потврди за успешно реализирано менторство

Рокот за поднесување на пријавата со доказите трае 5 (пет) дена од денот на објавување на WEB страната на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации.

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.

НАПОМЕНА: Ненавремена, нецелосна и неуредно пополнета пријава, како и пријава со внесени лажни податоци, нема да биде предмет на разгледување.

в.д. ДИРЕКТОР

Стојан Славески

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА

КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

Бр ______________________

___________ 2022 година

Скопје

# П Р И Ј А В А
## ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВЕН СЛУЖБЕНИК ПРЕКУ ИНТЕРЕН ОГЛАС

1. Податоци за огласот
- Назив на органот ______________________________
- Број на интерен оглас ______________________________
- Реден број на работното место за кое се пријавува ______________________________

2. Податоци за кандидатот
- Име ______________________________
- Презиме ______________________________
- Датум на раѓање ____.____.__________
- пол М Ж
- ЕМБГ

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | |

- Адреса на живеење
  Улица и број ______________________________
  Место ______________________________
- Контакт адреса
  Улица и број ______________________________
  Место ______________________________
- Контакт телефон Мобилен ____________________ Фиксен ____________________
- e-mail адреса ______________________________

3. Податоци за исполнување на посебните услови:
- Степен на образование IV VI VII/1 VII/2 VIII 180 240 300

или стекнати кредити според ЕКТС
- Вид на образование ______________________________
- Датум на дипломирање ______________________________

- Податоци за вкупно работно искуство во струката: _______години ______месеци.

4. Податоци за времето кое административниот службеник го поминал во непосредно пониско звање или на работно место во иста категорија со работното место за кое е објавен интерниот оглас пред објавување на интерниот оглас ______________________________________________________--

5. Податоци за исполнување на општите услови:

| | |
|---|---|
| Државјанство | |
| Здравствена способност за работното место | |

6. Други услови утврдени во актот за систематизација на работните места

| | |
|---|---|
| Компјутерски вештини | |
| Познавање на странски јазици | |
| Други посебни услови за работното место | |

7. Податоци за оценувањето на административниот службеник во последната година пред објавување на интерниот оглас ____________________________________________________________

8. Податоци за изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавување на интерниот оглас _____________________________________________________

9. Изјавувам под морална, материјална и кривична одговорност дека податоците наведени во пријавата за вработување се веродостојни и дека на барање на надлежниот орган ќе доставам докази , во оригинал или копија.

   Напомена: Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од понатамошна постапка

Датум на пријавување

------------------------------

Административен службеник
Име и презиме

--------------------------------------